Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*
*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација заради давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на

Република Македонија и на директорите односно вршителите на должност директори на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, со прилози

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата заради давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршителите на должност директори на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува д-р Фатмир Меџити, министер за здравство да го потпише Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството, почнувајќи со исплатата за плата за септември 2023 година.

2. Се овластуваат директорите односно вршителите на должност директори на јавните здравствени установи да ги потпишат поединечните колективни договори со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството, почнувајќи со исплатата за плата за септември 2023 година.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12:36 часот.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна**
**Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на**
**Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**